Врз основа на член 16 став 1 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија " број 158/2010/) а в.в. со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија" број 85/2007 и 161/2008), Комисијата на Агенцијата за пошти на 29.08.2012 година донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

Член 1

Со оваа програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на волонтерските услуги, начинот и постапката за обезбедување на волонтери, начинот на уредување на обврските и времето на ангажирање на волонтерите.

Член 2

Агенцијата за пошти како организатор на волонтерската работа има потреба од ангажирање до 2 волонтери.

Член 3

Волонтер во Агенцијата за пошти е физичко лице со завршен VII/1 степен на образование или прв циклус студии со најмалку 180 ЕКТС, кое дава услуги, вештини и знаења во корист на организаторот на волонтерската работа, на доброволна основа со надоместок само на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството.

Член 4

Потребите од волонтери ќе се обезбедат во текот на годината по доставено барање/пријава од страна на волонтерите, по претходно објавен јавен повик од организаторот на волонтерската работа.

Изборот од пријавените кандидати за волонтери во Агенцијата за пошти го врши директорот.

Член 5

Волонтерот за давањето на услугите, знаењата и вештините за работи од надлежност на Агенцијата за пошти има право на надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирање најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена за претходната година, за волонтирање со полно работно време.

За волонтирање со пократко работно време од полното работно време процентот за трошоци за храна и трошоци за превоз ќе се пресметува пропорционално

од процентот од став 1 на овој член, во зависност од утврденото времетраење на работното време во Договорот за волонтирање.

Член 6

Директорот на Агенцијата за пошти со волонтерите ќе склучи посебен договор за волонтирање во кој ќе се уредат правата и обврските на организаторот на волонтерската работа и волонтерот.

Стручната служба на Агенцијата за пошти е должна да води евиденција за склучените договори.

Член 7

Ангажирањето на волонтери во Агенцијата за пошти ќе се врши во текот на целата година, согласно потребите на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата за пошти е одговорен за спроведување на Програмата за волонтирање.

Скопје, 29.08.2012

Бр.09-167/4

Агенција за пошти
Комисија
Љупче Мешков, претседател